**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

Ул. “Македонија“бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. ”Makedonija” nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

Бр.02-250/1
_____________ 2023 год.
СКОПЈЕ

# И З В Е Ш Т А Ј
## од работна посета во Основен суд К. на ден 01.02.2023 година

Согласно Заклучок на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр. 02-250/1 од 27.01.2023 година, работната група од членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија во состав Х. З. - координатор за работата на Основниот суд К., м-р И. Н. и С. Г., на ден 01.02.2023 година изврши работна посета во Основниот суд К.

Целта на работната посета е вршење увид во работата на претседателот на судот и судиите во врска со почитување на законските рокови за преземање на процесни дејствија, почитување на законските рокови за донесување, објавување и изготвување на одлуките, констатирање на евентуален застој во работата на судиите, како и причините за застојот, каква е состојбата со старите предмети во судот, оптовареноста на судиите согласно распоредот за работа, постапување по изземањата.

Посетата на Основниот суд К. започна со средба со ВД претседателот на судот кој ги информираше членовите на работната група за состојбата со предметите, обемот на работа и начинот на решавање на предметите, екипираноста на судот со судии и стручна служба и за меѓучовечките односи во судот.

Согласно систематизацијата за број на судии во Основниот суд К. предвидени се 34 судиски места, а пополнети за тековната 2022 година биле 20, вклучувајќи го ВД претседателот на судот, 1 судски администратор, 1 раководител на одделението за информатика, 8 судски соработници, 1 еден судски осработник преведувач, 15 помлади судски соработници, 2 двајца помлади соработници-преведувачи, 1 помлад соработник за корпора деликти, 10 самостојни судски референти, 10 виши судски референти, 29 судски референти-дактилографи, 19 помлади судски референти, 9 припадници на судска полиција, и 8 технички работници, 1 возач, 1 хаус мајстор, 4 хигиеничари и 2 курири.

Во делот на екипираноста на судот беше укажано на евидентното намалување на бројот на судиите со појаснување дека во текот на 2022 година е констатиран престанок на вршење на судиска функција на еден судија поради исполнување на услови за старосна пензија, еден судија на крајот на 2022 година е избран во друг суд по хоризонтала, како и дека за еден судија кој од страна на ССРМ е времено упатен во друг суд истечено е времето за кое бил времено упатен по што судијата е вратен во судот, од кои причини судот во моментот постапува со 18 судии.

Од страна ан ВД претседателот на судот беше посочено дека Основниот суд К. се соочува и со проблеми со доставата. Укажано беше дека судот во моментот работи со 9 доставувачи што преставува евидентно намалување на бројот на овој кадар со оглед на околноста да претходно нивниот број изнесувал 18 доставувачи. Ваквата состојба имплицира неопходна потреба за достава на актите по пошта што од своја страна значи зголемување на трошоците на судот со оглед на значителното зголемување на цените на доставата.

Членовите на Судскиот соцвет на РСМ – членови на работната група при посетата се осврнаа и на старите нерешени предмети. Во таа насока со ВД претседателот на судот се разговараше и за старите нерешени предмети за која цел во дел од истите беше извршен и увид. Членовите на работната група беа информирани дека во Основен суд К. заклучно со 31.01.2023 година има вкупно 323 нерешени стари предмети. За надминување на состојбата со стари нерешени предмети ВД претседателот на судот информираше дека судот во текот на месец декември 2022 година има изготвено Акциски план за решавање на старите нерешени предмети. Според видот на предмети беше укажано дека

најголемиот број стари нерешени предмети во судот се оставинските предмети по кои согласно законските прописи постапуваат нотарите како повереници на судот. Во таа насока беше укажано дека воперидот од неколку години наназад до нотарите судот доставувал барања за ажурно постапување по предметите и изјаснување за причините поради кои истите не се завршени, како резултат на што дошло до завршување на одреден дел од овие предмети

Во овој дел беше нагласено дека голем број на стари нерешени предмети има и од уписниците СТ и ТС.

Како посебен проблем со кој се соочува Основниот суд К. беше истакнат и проблемот со предметите од уписникот РО во кои како тужена страна се јавува Министерството за одбрана. Проблемот за одолговлекување на наведениот вид предмети е околноста што тужената страна Министерство за одбрана не овозможува пристап на вешти лица за утврдување на податоци од документацијата за работен однос од причини што како вешти лица кои можеле да бидат ангажирани во работните предмети прифаќаат само лица кои поседуваат безбедносен сертификат за степен на доверливост. На овој начин се создаваат услови за решавање на заостанатите предмети од овој вид.

Во продолжение се пристапи кон увид во предмети.

Координаторот на работната група – Х.З., изврши увид во предметите од СУ ИЗЗ уписникот за 2022 година. Од овој уписник разгледани беа предмети по список од АКМИС програмата и тоа за периодот од 01.01.2022 до 01.06.2022 година. Извршен е увид во следните предмети: СУ ИЗЗ бр.1/22, од 04.01.2022 година, СУ ИЗЗ бр.2/22 од 13.01.2022 година, СУ ИЗЗ бр.3/22 од 16.02.2022 година, СУ ИЗЗ бр.4/22 од 18.02.2022 година, СУ ИЗЗ бр.5/22 од 23.03.2022 година, СУ ИЗЗ бр.6/22 од 11.04.2022 година, СУ ИЗЗ бр.7/22 од 11.04.2022 година, СУ ИЗЗ бр.8/22 од 11.04.2022 година, СУ ИЗЗ бр.9/22 од 18.04.2022 година, СУ ИЗЗ бр.10/22 од 27.04.2022 година и СУ ИЗЗ бр.11/22 од 16.06.2022 година.

Од извршениот увид констатирано е дека во предметниот период од 01.01.2022 година до 16.06.2022 година во судот се примени вкупно 11 предмети по кои ВД претседателот на судот има постапено и донесено одлука. По однос на причините за изземање констатирано е дека во поголемиот дел на барањата истите се одбиени, а дел се уважени. Во барањата каде е донесено решение

за изземање јасно произлегува дека постојат законски и образложени причини врз основа на кои ВД претседателот на судот се раководел кога одлучувал по изземањата. Од наведеното произлегува дека ВД претседателот на судот кој постапил по наведените предмети по барање за изземање постапил согласно законот и го почитувал законските процедури по однос на постапување по барањата. Нема забелешки за постапување во разгледаните предмети.

Коодинаторот за работата на Основниот суд К. изврши увид и во начинот на поставување на адвокати по службена должност за тековната 2022 година. Предмет на увид беше периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022 година при што беше разгледан списокот на адвокати поставени по службена должност кој се води по АКМИС програмата. Од извршениот увид констатирано е дека во 115 кривични предмети имало барања за поставување на адвокат по службена должност по кои е постапено. Од извршениот увид во списокот на ангажирани адвокат може да се констатира дека постојат адвокати кои повеќе и почесто се ангажирани во кривични предмети во споредба со вкупниот број адвокати евидентирани во листата на адвокати во АКМИС системот. Воедно, од списокот е констатирано и дека за сите адвокати кои биле ангажирани по листата евидентирана во АКМИС програмата се изготвени решенија за поставување бранител по службена должност кој ги издавал ВД претседателот на судот. Решенијата се совпаѓаат со списокот кој е воден во АКМИС програмата. Во делот на контролата која се однесува на ангажирање на адвокати по службена должност при остварениот разговор со ВД претседателот на судот е појаснето дека голем дел од адвокатите не сакаат да бидат ангажирани по службена должност, особено постарите адвокати со поголем обем на работа од кои причини најчесто по службена должност се назначуваат помлади адвокати и адвокати кои доброволно сакаат да се ангажираат како адвокати поставени по службена должност, исто така констатирано е дека во подрачјето на Основен суд К. нема поврзаност меѓу судии и адквокати по фамилјарно поврзаност син, ќерка на судии.

Од остварениот разговор и извршениот увид во по однос на поставување на адвокати по службена должност, констатирано е дека не постои унифициран начин на распоред, односно не се користи начин на распоред според редоследот на адвокатите во листата на адвокати кои работат на подрачјето на Основен суд К.

При извршената контрола разгледани се и одлуки донесени од страна на ВД претседателот на судот по однос на исклучување и вклучување на судии во АКМИС програмата. Во овој дел разгледани се следните одлуки: бр.Су-04-429/22 од 15.03.2022 година, бр.Су-04-580/22 од 13.04.2022 година, Су-04-442/22 од 13.04.2022 година, Су-04-429/22 од 13.04.2022 година, Су-04-585/22 од 18.04.2022 година, Су-04-711/22 од 29.04.2022 година, Су-04-585/22 од 04.05.2022 година, Су-04-585/22 од 04.05.2022 година, Су-04-735/22 од 17.05.2022 година, Су-04-873/22 од 06.06.2022 година, Су-04-882/22 од 07.06.2022 година, Су-04-887/22 од 08.06.2022 година, Су-04-873/22 од 01.07.2022 година, Су-04-1054/22 од 06.07.2022 година, Су-04-743/22 од 16.08.2022 година, Су-04-1199/22 од 18.08.2022 година, Су-04-1344/22 од 29.09.2022 година, Су-04-1344/22-1 од 29.09.2022 година, Су-04-1624/22 од 18.11.2022 година и Су-04-1624/22-1 од 16.12.2022 година. Од извршениот увид во наведените одлуки се констатира дека постојат причини за исклучување на судиите од прием на предмети од АКМИС програмата, како што се боледување, користење одмор и слично, но истовремено е констатирано и дека во дел од донесените одлуки не постојат образложени причини зошто одредени судии се исклучени од автоматската распределба на предмети преку АКМИС програмата – (да примат или да не примат предмети).

При работната посета предмет на контрола беа и предмети од кривичниот оддел на судот, пред се од редот на стари кривични предмети. Во таа насока беше извршен увид во еден кривичен предмет, еден прекршочен предмети и еден предмет за извршување на санкции.

Контролата на предметите во кривичниот оддел беше извршена од членот Судскиот совет на РСМ, С. Г. кој изврши увид во следните предмети: К.бр.134/21, ПРК – С 4/18 и КУИКП.бр.224/10.

Како постар кривичен предмет беше разгледан предметот К.бр.134/21 кој евидентира со стар К.бр.206/11.

<u>Предмет - К.бр. 134/21</u>

Станува збор за кривичен предмет оформен по обвинение од ОЈО К, за кривично дело „Убиство“ од член 123 ст.3 од КЗ.

На ден 30.05.2011 година донесена пресуда во отсуство на обвинетиот кој бил во бегство – изречена казна доживотен затвор.

По повод жалба од бранителот на обвинетиот Апелациониот суд С. со решение КЖ.бр.1240/11 од 28.07.2014 година жалбата ја уважил, а првостепената пресуда била укината, по што следело повторно судење во Основен суд К. од истиот судија.

При повторното постапување со пресуда К.бр.792/11 од 24.12.2012 година на обвинетиот му е изречена казна затвор во траење од 20 година. Оваа пресуда е потврдена од страна на Апелациониот суд С. со пресуда КЖ.бр.356/13 од 13.05.2013 година, а изјавените жалби се одбиени, со што пресудата станала правосилна.

По поднесено барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда В.С.Р.С.М. на 20.01.2021 година го уважил барањето и при тоа ги укинал првостепната и второстепената пресуда.

По повод одлуката на В.С.Р.С.М. во Основниот суд К. под К.бр.134/21 отпочнува повторно судење на предметот по кој во текот на 2021 година и 2022 година се одржани повеќе главни расправи. Закажаните расправи во најголем дел биле одложувани од причини што обвинетиот е недостапен за органите на прогон. Последна расправа е закажана за 21.11.2022 година, истата се одржала, но е одложена поради изведување на докази.

Од извршениот увид во конкретниот предмет се констатира дека иако истиот е од постар датум, по предметот се работи и се постапува и нема субјективни причини за негово одолговлекување. Причината за одложување на главните расправи се обвинетиот и неговите бранители кои што не се јавуваат на закажаните расправи иако судот доставува наредби до МВР за спровод на обвинетиот.

За очекување е дека овој предмет ќе се заврши во најскоро време.

Предмет на увид беше и прекршочниот предмет ПРК-С – 4/18 кој се води како постар прекршочен предмет.

<u>Предмет - ПРК – С  4/18</u>

За овој предмет од извршениот увид е констатирано дека во судот е примен на ден 12.03.2018 година.

Веднаш по приемот судијата постапил по истиот по што на ден 02.04.2018 година донел пресуда која била експедирана до странките.

На ден 11.04.2018 година од страна на обвинетиот е поднесена жалба до Апелационен суд С. кој со решение ПРКЖ.-832/18 од 23/12.2020 година жалбата ја уважил, пресудата ја укинал и предметот го вратил на повторно судење.

По неговото укинување предметот е примен во Основен суд К, односно од Апелационен суд С. до Основен суд К. е проследен на ден 23.12.2021 година и заведен под нов ПРК-С број 3659/21.

По однос на овој предмет од извршениот увид може да се констатира дека нема пропусти од судијата, но постои одолговлекување во делот на доставата на предметот. Имено, една цела година сметано од донесувањето на одлуката од Апелационен суд С. (23/12.2020 година) до времето кога предметот е прием во Основен суд К. - 23.12.2021 година била потребна за предметот да се врати во Основен суд К. на повторно постапување.

По укинувањето и враќањето на предметот на повторно постапување пред Основен суд К. по предмет постапувал друг судија.

Видно од списите на предметот е дека на 25.01.2022 година била донесена пресуда со која обвинетиот се ослободува од прекршочна одговорност. Од извршениот увид констатирано е дека пресудата е потпишана од судијата, но истовремено од увидот во предметот, како и од непосредниот разговор со судијата констатирано е и дека предметот иако формално е завршен со пресуда, истиот не е верификуван во АКМИС системот како завршен и се води како незавршен предмет.

При разговорот со судијата која постапува по предметот појаснето е дека причината поради која предметот не е верифукуван е тоа што имала голем број на прекршочни предмети во работа (околу 300 предмети), дека евидентирањето во АКМИС системот го спроведувала записничарката и дека судијата сега сватила дека овој предмет не бил верификуван.

<u>Предмет - КУИКП.бр.224/10</u>

Од контролата и извршениот увид во Одделот за извршување на санкции констатирано е дека постар предмет е предметот кој датира од 2010 година со број КУИКП.бр.224/10. Во овој предмет на осудениот со правосилна пресуда од 22.02.2010 година му е изречена казна доживотен затвор. Со оглед да осудениот е во бегство од страна на судот на ден 03.01.2014 година е распишана

потерница, а воедно на ден 04.03.2014 година до МВР и Министерство за правда доставена е и изјава за екстрадиција.

Од извршениот увид може да се констатира дека по овој предмет од страна на судија за извршување на санкции редовно и законито се постапува, но осудениот се уште не е пронајден и спроведен.

По однос на изречената казна доживотен затвор истата застарува дури на 22.02.2070 година.

Од страна на членот на Советот И. Н. како член на работната група извршен е увид во граѓански предмети, заведени во уписниците П4, ТС и СТ. Сите предмети во кои е извршен увид се од 2002 година и се избрани по случаен избор.

<u>Предмет П4 бр. 10/22</u>

Од увид во списите на предметот констатирано е дека предметот во Основен суд К. е примен на 04.02.2022 година Се работи за спор од облигационен карактер.

Предметот е со уредно платена судска такса и е доставен на одговор на другата странка.

Постапката е прекината поради смрт на една од странките.

<u>Предмет ТС бр.15/17</u>

Правен основ - индустриска сопственост,

Примен во Основен суд К. на ден 20.04.2018 година.

Распореден кај еден судија (починат), од кои причини е предаден во работа кај друг судија.

Уредно платена судска такса.

Во предметот има уредно заведени процесни дејствија во попис на списи.

Прва пресуда донесена-објавена на ден 15.03.2019 година која е примена кај странките на 07.10.2019 година.

По изјавена жалба предемтот е укинат од Апелациониот суд С. и вратен на повторно одлучување и постапување.

При повторното постапување распореден е кај друг судија.

Предметот до моментот на увид е во работа, незавршен.

Следно рочиште е закажано за ден 18.02.2023 година.

<u>Предмет МАЛТС бр.6/20</u>

Предметот е примен во Основен суд К. на ден 26.02.2020 година.

Предметот е незавршен, закажано рочиште за ден 06.02.2023 година,

Нема оправдани причини за одоговлекување на постапката.

<u>Предмет П1 бр.110/21</u>

Предлог за издавање на времена мерка

Уредно и благовремено завршен со клаузула на правосилност и извршност.

<u>Предмет СТ бр.120/12</u>

Отворена стечајна постапка над должникот Жито—Куманово од 16.04.2013 година.

Дејствијата превземени во текот на постапката се собрани во поднесоци од вкупно 7-папки, со несреден попис на списи.

Поради отсуство на стечајниот судија не сум во можност со сигурност да ги утврдам причините за долгото траење на постапката.

Предметот не е завршен.

Од извршениот увид во предметите од граѓанска област може да се констатира следното

- долго траење на постапката во еден дел од предметите;

- отсуство на мерки за поефикасно и поажурно постапување на судот;

- во дел од предметите изминување на подолг период од донесување на одлуката до достава на истата до странките.

При извршената работна посета на Основен суд К. остварен е и непосреден разговор со дел од судиите кои постапуваат по различен вид на предмети како во делот на постапување по

предметите, така и по однос на меѓучовечките односи во Основниот суд К.

Од остварениот непосреден разговор со судиите може да се констатира дека кај дел од судите постои страв да зборуваат по однос на овие околности, а дел од судите се произнесоа пред присутните членови на Судскиот совет.

Во делот на меѓучовечките односи во судот од страна на судиите А.И. С. и судијата В. М. Б, покрај непосредниот разговор до кординаторот за следење на работата на Основниот суд К. - доставени се и писмени изјави.

Од доставените писмени изјави на наведените судии како и непосредно во нивните изјави може да се констатира нарушеност на меѓучовечките односи и незадоволство при изготвување на годишниот распоред за работа од аспект на распоредување на судиите за постапување по одреден вид предмети.

Од изјавата и непосредно остварениот разговор со судијата А.И. С. може да се констатира изразено незадоволство во делот на распоредувањето на судиите со годишниот распоред за работа за постапување по предметите од уписникот СТ и ТС. од повеќе аспекти: распоредување несоодветно на специјализацијата на судијата, работното искуство и годините на судиски стаж, доброволното прифаќање на одреден судија за постапување по наведениот вид предмети, со провејување на извесна доза на субјективизам на ВД претседателот на судот од кои причини е поднесен и приговор до В.С.Р.С.М., по кој приговор се уште не е донесена одлука, дотолку што во судот има двајца судии кои веќе се специјализирани по таа област од кои предходните години истите судии постапувале по таа материја односно тие уписници и истите се како судии со поголго годишно искуство повеќе од 10-десет години судиски стаж.

Од извршениот непосреден разговор со судии од Основен суд Куманово, а пред се од писмените изјави доставени од судиите А. И. С. и В. М. Б. може да се заклучи дека во судот постојат нарушени меѓучовечки односи, некоректен однос на ВД претседателот на судот кон одредени вработени, со користење на несоодветен вокабулар, навреди и омалуважување пред други колеги, а кој во одредени случаи преминува во навреди на национална основа, со зборовите дека судиите албанци станале ,,шиптари и неспособни,, посебно што судиите се етикетирани како ,,лудак и лудача,, а

вработените како ,,говеда,, а поготово тие од албанска етничка припадност. Воедно, може да се констатира и постоење на страв и несигурност кај судиите.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА:

1.По однос на предметите од СУ ИЗЗ уписникот не е констатирано постапување спротивно на законските прописи. Постпките се водени согласно закон и се почитувани законските процедури, а донесените решенија содржат образложени причини за уважување, односно одбивање на барањето за изземање.

2.По однос на старите нерешени предмети од било кој уписник (работни предмети со Министерство за одбрана, оставински предмети како и сите други предмет кој се водат како стари не решени предмети) да се изнајде начин согласно акциониот план за решавање на старите предмети, на истите да им се даде приоритет на решавање и по однос на истите да се изноѓа решење за надминување на проблемите со старите не решени предмети, а предметите благовремено и ажурно да се решаваат со цел намалување на нивниот број.

3. По однос на предметите во кои е извршен увид од страна на членовите на работната група (кривични и граѓански) во дел од истите се констатира долго траење и одолговлекување на постапката, одолговлекување на доставата, неуредно и неажурно верификување на предметите во АКМИС системот, подолг временски период од донесување до доставување на одлуката до странките и подолг временски период на враќање на предмет од второстепениот суд кој одлучувал по жалба, до првостепениот суд на повторно постапување. Поради наведените причини потребно е изнаоѓање на механизми од страна на судиите за надминување на наведените проблеми и пропусти во насока на поажурно постапување и поскоро завршување на предметите.

4.При распределбата на предметите да се почитува распределба преку АКМИС програмата, и распределбата од еден на друг судија при распределба на предметите да има доказ за причините за извршената промена на судијата, да постојат образложени причини зошто одредени судии се исклучени од автоматската распределба на предмети преку АКМИС системот – (да примат или да не примат предмети) да се наведат причините за

нивно исклучување од автоматска распределба, со оглед дека во повеќе одлуки донесени од страна на вд. претседател на судот се донесени одлуки кои не се образложени и нема причина за исклучување и вклучување во АКМИС програмата.

5.Да се воспостави унифициран начин на определување на адвокати/бранители по службена должност во кривичните предмети според редоследот на адвокати во листата на адвокати за подрачје на Основен суд К.

6.Во најкус можен рок да се најде решение за определување на судија за постапување по предметите од СТ и ТС уписникот, бидејќи предметите примени и заведени во судот не можат да стојат нераспределени кај судии за да по истите се постапува, бидејќи не може истите предмети да останат нераспределени повеќе од пет работни денови, ваквото непостапување по истите предмети е во спротивно со одредбите од Судскиот деловник како и законот со управување и движење на предмети.

7.Потребно и неопходно да се внимава на меѓучовечките односи во судот и угледот на судот во насока на итно превземање на чекори кон нивно подобрување согласно етичките стандарди на однесување и подобрување на меѓучовечките односи.

Констатираните забелешки во однос на меѓучовечки односи посебно на етничка основа, е недозволиво и спротивно на етичкиот кодекс на однесување на вд претседател како раководно лице на судот, институцијата каде се дели и се бара правда, истиот треба да биде пример на меѓучовечките односи а не спротивното. Недозволиво е раководно лице (ВД. Претседател) да биде пречка на нормалното функционирање на судот, тој треба да биде пример и да потикне добри односи и изнајде решение доколку се јавува случај на нарушени односи, а не да истиот биде потикнувач на нарушување на меѓучеовеките односи, бидејќи таквиот начин на однесување не создава добра атмосфера за нормалното функционирање на еден од поголемите судови во Република Северна Македонија.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Членови**

**Х. З.**

---

**м-р И. Н.**

---

**С. Г.**

---